**20110812016**

## АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

Врз основа на член 175 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија” бр. 40/2008, бр. 158/2010, бр. 17/11 и бр. 51/11 ), Управниот одбор на Агенцијата за катастар на недвижности донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА КАТАСТАРОТ НА НЕДВИЖНОСТИТЕ

Член 1

Во Правилникот за одржување на катастарот на недвижностите („Службен весник на Република Македонија” бр. 27/2011 година), по членот 15 се додава нов наслов и нов член 15-а кои гласат:

**„Поништување на евидентен лист**

Член 15-а

При запишување на промените од член 15 од овој правилник, доколку со правниот основ, односно актот на надлежниот орган, во прилог на кој е доставен и геодетски елаборат се утврдува правен статус на бесправно изградените објекти евидентирани во евидентен лист во посебната евиденција на Агенцијата, евидентниот лист се поништува.”

Член 2

Насловот пред членот 18 и членот 18 се менуваат и гласат:

**„Предбележување како условно укнижување**

Член 18

(1) Во катастарот на недвижностите се предбележува, односно условно се укнижува стекнувањето или престанокот на правото на сопственост на недвижност.

(2) Предбележувањето од став (1) од овој член се врши кога е поднесена пријава за запишување кон која е доставена исправа за правен основ, односно акт од надлежен орган во кој не се исполнети правните претпоставки, односно условите за запишување од членот 130 од Законот за катастар на недвижности и основот за конечното укнижување не е достатно застапен.”

Член 3

Во членот 21 ставот (2) се менува и гласи:

„Прибележувањето на податоците за правото на залог (хипотека) на предбележаното право на сопственост на зграда, посебен дел од зграда и други објекти кога се во фаза на градба се врши врз основа на правни дела во форма на нотарски акт или во форма на потврдена приватна исправа од нотар, а прибележувањето на правните дела за промет на предбележаното право на сопственост на зграда, посебен дел од зграда и други објекти кога се во фаза на градба се врши врз основа на правно дело во форма на исправа на која е извршена заверка на потписите (легализација) со повикување на бројот на Уписникот за заверки и потврди (УЗП), која исправа се приложува кон пријавата за запишување.”

Член 4

Насловот пред членот 23 се менува и гласи:

**„Бришење на предбележувањето како условно укнижување”**

Член 5

Во членот 23 ставот (1) се менува и гласи:

„Предбележувањето како условно укнижување на стекнувањето или престанокот на правото на сопственост на недвижност од член 18 на овој правилник се брише по пријава на странка, кон која се доставува доказ дека се исполнети правните претпоставки, односно условите за запишување од членот 130 на Законот за катастар на недвижности и доказ за платен надоместок за бришењето.”

Член 6

По членот 31 се додаваат два нови члена, и тоа: член 31-а и член 31-б кои гласат:

„Член 31-а

(1) Агенцијата по пријава на странка кон која е приложен правен основ од надлежен орган врши бришење на запишаните хипотеки од интабулационите книги.

(2) Формата и содржината на пријавата за бришење хипотека од интабулационите книги се дадени во прилог број 13 кој е составен дел од овој правилник.

Член 31-б

(1) За извршеното бришење на хипотеките од интабулационите книги до странката се доставува потврда за бришење на хипотеката.

(2) Формата и содржината на потврдата за бришење хипотека од интабулационите книги се дадени во прилог број 14 кој е составен дел од овој правилник.”

Член 7

Членовите 34 и 35 стануваат членови 32 и 33.

Член 8

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 01-8128/1<br>7 јуни 2011 година<br>Скопје

Претседател<br>на Управен одбор,<br>**Димитар Димовски**, с.р.

Прилог бр.14

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ**

**-----------/-------------од -------------**
___________________________________________
(Центар/ Одделение)

Врз основа на член 222 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ бр.40/2008), Агенцијата за катастар на недвижности, _______________________________________________________ издава

# П О Т В Р Д А
## за бришење хипотека од интабулационите книги

Се потврдува дека е извршено бришење на хипотека заведена под Ино бр. _________и Р.бр. __________ од ___________ година, во КНИГА бр._____, страна _____на интабулациониот протокол при ОСНОВНИОТ СУД ________________, на имотот на должникот _____________________________од ____________, хипотекарен должник _____________________________ од ________________, за недвижен имот, и тоа ___________________________________ на КП бр. _________ КО _______________.

Бришењето е извршено по пријавата на:

_____________________________________________________,________________________________

(име и презиме/назив)

ЕМБГ/ЕМБС

___________________________________________________________________________________,

(адреса/седиште)

заведена под број _________________ од ____________________година.

М.П. **Овластено лице**

_________________________________

(име, презиме и потпис )